# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Предучилишното воспитание и образование во најголемиот број земји во светот е издигнато на ниво на национален приоритет во рамките на глобалните воспитно-образовни системи.

Стручно-научните согледувања укажуваат на тоа дека фундамент на воспитанието и образованието на секоја индивидуа се првите седум години од животот на човекот. Раниот пристап до некоја форма на предучилишно воспитание и образование и долгорочните ефекти на таа образовна партиципација оставаат белег на успехот во целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа.

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст како еден од облиците на заштита на децата, регулирано е со Уставот на Република Македонија, Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата, Законот за заштита на децата и друга законска и подзаконска регулатива.

Основна цел на дејноста, заштита на децата е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата како и во постојните јавни установи за згрижување и воспитание на децата, преку целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и други ресурси.

Имајќи ја предвид актуелноста на оваа проблематика, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема Ефикасност во исполнување на критериумите и условите во кои функционираат детските градинки.
Со истражувањата во текот на ревизијата ги дефиниравме следниве цели на ревизијата:

- Дали законската регулатива и критериумите за функционирање на детските градинки обезбедува соодветен квалитет на згрижување, воспитание и образование?
- Дали со целосно и рационално искористување на кадровските, просторните и други ресурси се обезбедува оптимален опфат на децата во предучилишното воспитание и образование?
- Функционирањето на надлежните органи и институции инволвирани во активностите за грижа и заштита на децата.

Ревизијата на успешност е извршена согласно член 22 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.
Ревизијата на успешност е планирана и извршена во периодот од 02/03/2012 29/06/2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.